ЕУ твининг-проект „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“

# ПРИВАТНОСТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО СВЕТОТ НА МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ (ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ)



Овој проект е финансиран од Европската Унија

# СОДРЖИНА

Колку сте безбедни и како да ја заштитите својата приватност и личните податоци....3
Кој може да ги собира вашите лични податоци?....4
Што обезбедува интернетот?....5
Вашата приватност и лични податоци на интернет....6
Како да се зголеми нивото на безбедност на интернет и социјалните мрежи?....7
Правила за добро и пристојно однесување на интернет за деца и млади....9
Како не треба да се однесувам на интернет и социјалните мрежи на кого можам да му верувам?....10
Совети за деца и родители: како да ја заштитите вашата приватност на социјалните мрежи....11
10 чекори за борба против говорот на омраза на интернет....25
Прилог 1 - Кус поимник за интернет.... ....28
Прилог 2 - Совети за родители....29
Прилог 3 - Совети за наставници и стручен персонал во основни и средни училишта....31

# КОЛКУ СТЕ БЕЗБЕДНИ И КАКО ДА ЈА ЗАШТИТИТЕ СВОЈАТА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Користењето на Интернет и социјални мрежи со себе носи многу позитивни работи, на пример, мноштво корисни информации и вести, учење или стекнување нови знаења и вештини, но од друга страна, тоа претставува ризик и опасност поради пристап до штетни информации и несоодветни содржини, комуникација со непознати лица кои може лажно да се претставуваат, „кражба“ на личните податоци или други штети.

Според последните истражувања, 93% од децата имаат профил на Фејсбук, додека 84% имаат Интернет на нивните мобилни телефони. Статистичките податоци на УНИЦЕФ покажуваат дека повеќе од 5% од корисниците на Интернет се предмет на насилство од врсници, при што високи 30% пријавиле дека доживуваат такво искуство двапати месечно.

Оваа брошура е наменета за деца и млади и служи како водич како да се однесуваат и како да се заштитат на Интернет и социјалните мрежи. Истата вклучува и прилози каде е сместен поимник, како и совети за родителите и наставниците, училишните педагози и психолози.



# КОЈ МОЖЕ ДА ГИ СОБИРА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?

Личните податоци може да се собираат, што претставува навлегување во приватната сфера, за целите на остварување на вашите права, т.е. водење евиденција, од страна на следниве лица и институции:



- училиштето каде посетувате редовна настава
- други училишта/школи што ги посетувате вон редовното училиште
- други институции (на пример, регистри, центри за социјална работа)
- библиотеки
- матични лекари
- спортски и други клубови во кои членувате
- организатори на лотарија и игри на среќа во кои учествувате (освен казина, обложувалници и машини за игри на среќа до коишто со закон е забранет пристап за деца на возраст под 18 години)



Во случај на сомнежи за злоупотреба на вашите лични податоци или во случај на веќе сторена злоупотреба, вие треба веднаш да реагирате и да ги известите родителите кои можат да поднесат пишано барање за заштита на вашите права до Агенцијата за заштита на личните податоци.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

## ШТО ОБЕЗБЕДУВА ИНТЕРНЕТОТ?

Дали знаете дека можете да креирате сопствена апликација на Интернет за што постојат мал милион документ, или дека може да научите 20 странски јазици преку апликацијата Дуолинго.

Како модерен начин за комуникација, Интернетот е богата ризница на знаење и неисцрпен извор на разни информации, фотографии, апликации, видеа, едукативни документи и материјали.

Затоа, децата и младите се советуваат да ги искористат сите придобивки од Интернетот во форма на стекнување нови знаења и вештини, но и да внимаваат да не бидете заведени и да кликаат на содржини и програми кои го одземаат нивното време и може да бидат лоши и штетни. Со други зборови, децата и младите се советуваат да го намалат непотребното „гуглање“, односно пребарување со помош на интернет-пребарувачи (на пример, прекумерно отворање на страници посветени на познати личности и нивниот приватен живот), и на бројот на посети на соби за разговори.



## ВАШАТА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ИНТЕРНЕТ

### *КОЛКУ СТЕ БЕЗБЕДНИ НА ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ?*

Децата и младите се безбедни на Интернет и социјалните мрежи до степенот до кој тие ги оддаваат своите лични податоци, т.е. домашна адреса, електронска пошта, број на мобилен телефон, сопствени фотографии, година на раѓање, училиште што го посетуваат, итн., без прво критички да размислат за истото.

Заради безбедносни причини, децата и младите се советуваат да се приклучат на Интернет и социјалните мрежи користејќи силни и безбедни лозинки и да не отвораат мејлови од непознати или сомнителни лица, како и да не ги оддаваат своите лозинки на други лица, освен на родителите.



Пораки од непознати лица и пораки закачени на електронска пошта може да содржат разни штетни програми кои не само што ќе го нападнат вашиот компјутер, туку и ќе ја загрозат безбедноста на вашето семејство. Бидете посебно внимателни кога примате пораки од непознати лица кои содржат линкови до веб-страници што вклучуваат несоодветна или штетна содржина и програми. Никогаш не кликајте на такви линкови.



# КАКО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ?



За да бидете колку што е можно побезбедни на Интернет и социјалните мрежи, децата и младите се советуваат да не купуваат производи онлајн и да размислат пред да пополнат разни онлајн формулари за регистрација за добивање онлајн услуги кои од нив бараат да ги наведат нивните лични податоци.

Бидете добро информирани за тоа што подразбира регистрацијата за такви услуги и која е целта на таквата регистрација, запознајте се со политиките за приватност и заштита на личните податоци за секоја онлајн услуга посебно.

Секогаш треба да ги читате не само ситните букви, туку и најситните букви во политиката за приватност и за заштита на личните податоци за конкретни онлајн услуги, и прашајте ги родителите за помош и подетално објаснување на одредбите и клаузулите кои не ги разбирате.

Не учествувајте во таканаречени синџири на среќа и не им верувајте на ветувањата за освојување награди од страна на игри за наградување во кои не учествувате.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# КАКО ДА СЕ ЗГОЛЕМИ НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ?



Учениците и децата се советуваат да не ги објавуваат личните податоци, а посебно да не објавуваат сопствени фотографии на јавни профили или блогови. Наместо тоа, можете да креирате сопствен блог каде ќе пишувате за позитивни работи, ќе ги искажете своите ставови, ќе оценувате и ќе коментирате одредени појави, итн.

Корисно е децата да научат како да поставуваат филтер за непобарани мејлови, како да ги блокираат лицата кои праќаат такви мејлови, и како да инсталираат и редовно да ја ажурираат антивирусната програма на нивниот компјутер. Тоа не налага посебно познавање на компјутерите, бидејќи антивирусните програми лесно се симнуваат од Интернет.

# ПРАВИЛА ЗА ДОБРО И ПРИСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

## Треба да ги запомнам следниве работи:

1. Интернетот и социјалните мрежи ќе ги користам на позитивен и конструктивен начин, т.е. за собирање корисни информации, за учење и стекнување нови знаења и вештини.

2. Освен тоа што нема да ги оставам моите лични податоци на Интернет и социјалните мрежи, нема да ги оставам ниту личните податоци на моите родители, пријатели и познаници, и на моите блиски роднини.

3. Ако некој ме вознемирува, нема да ја продолжам комуникацијата со тоа лице и веднаш ќе ги известам моите родители.

4. Ќе ги известам родителите за секој сомнителен, несоодветен или непобаран мејл.

5. Ќе ги имам предвид сите ризици и опасности на Интернет и социјалните мрежи, а посебно на собите за разговор, и ќе бидам посебно внимателен/на кога избирам таков простор на Интернет, при што ќе се обидам да изберам соба што е креирана од давател на онлајн услуги (давател на услуги за разговори).

# КАКО НЕ ТРЕБА ДА СЕ ОДНЕСУВАМ НА ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

## Треба да ги запомнам следниве работи:

1. Никогаш нема да договарам средби со непознати лица со кои комуницирам на Интернет и на социјалните мрежи.

2. Никогаш нема да ги давам моите лични податоци, а особено нема да давам фотографии и година на раѓање, на непознати или сомнителни лица.

3. Никогаш нема да користам говор на омраза и нема да влегувам во кавги, оговарање, омаловажување и навредување на други луѓе на Интернет и социјалните мрежи.



## НА КОГО МОЖАМ ДА МУ ВЕРУВАМ?

ВАШАТА БЕЗБЕДНОСТ Е НА ПРВО МЕСТО, заборавете на кавги и меѓугенерациски разлики, КАЖЕТЕ ИМ НА РОДИТЕЛИТЕ секогаш кога се сомневате дека некој сака да ги злоупотреби вашите лични податоци и да ја повреди или загрози вашата приватност.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

## СОВЕТИ ЗА ДЕЦА И РОДИТЕЛИ: КАКО ДА ЈА ЗАШТИТИТЕ ВАШАТА ПРИВАТНОСТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Тик Ток е најпопуларната социјална мрежа во моментов. Истата може да се спореди со апликациите на ЈуТјуб, Инстаграм или Фејсбук, но од некоја причина Тик Ток има голема популарност и се издвојува пред конкуренцијата.

Целната група на оваа апликација се лица на возраст од 16 до 24 години, но истата веќе ја користат и деца на возраст од 8 години нагоре. Апликацијата може да се користи независно од страна на деца на возраст од најмалку 13 години, но ако тие почнат да ја користат порано, нивниот профил се брише. Тик Ток е апликација која на корисниците им овозможува да креираат кратки видеа. Станува збор за друштвена апликација, па затоа откако ќе се креира видео, тоа станува достапно за преглед од страна на сопственикот на видео материјалот, но и од страна на други луѓе со кои тој/таа е поврзан.

Апликацијата е присутна од 2016 година, но дури неодамна стекна голема популарност насекаде во светот.

Највообичаената содржина на видеата што ги објавуваат корисниците е тематски поврзана со некаков танц, но има и комични скечеви. Како и сите други социјална мрежа, така и оваа мрежа има свои предизвици.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Ако помало дете сака да ја користи апликацијата, постои дел кој е наменет за деца на возраст под 13 години, со вклучени дополнителни опции за безбедност и приватност. Децата може да гледаат само монтирани, одобрени видеа и не им е дозволено да коментираат, да пребаруваат или да објавуваат сопствени видеа. Сепак, тоа ја прави апликацијата непривлечна за повеќето децата, кои посегаат по заобиколување на условите за безбедност преку внесување лажен датум на раѓање, што не е перфектно сценарио.

Тик Ток им дозволува на родителите да постават временско ограничување, филтрирање на возрасни содржини и да го оневозможат праќањето директни пораки за корисничката сметка на децата. Исто така, на телефоните на децата може да се постави тајмер за исклучување и филтер за содржини, заедно со лозинка за заштита на овие поставки, но за да се исклучи опцијата за директни пораки мора да се користи функцијата за поврзување/впарување во друг телефон на член на семејството што ја овозможува апликацијата. (Ваквото впарување дозволува и пристап до поставките за временско ограничување и филтри за содржини). За таа цел, родителите треба да ги синхронизираат поставките на телефонот на детето.


Овој проект е финансиран од Европската Унија

СОВЕТ:*Слично како и другите социјални мрежи, и Тик Ток има поле за најнови објави (ова поле се користи за прилив на содржини што може да се прегледуваат) и таму се прикажуваат најпопуларните записи. По регистрацијата, корисникот на апликацијата може да клика на иконата „ми се допаѓа“ на таквите постови. Корисничката сметка може да биде јавна или приватна, и може да се избере на кого му е дозволено да ги прегледува содржините поставени од корисникот, при што алгоритам на вештачка интелигенција ја селектира содржината што се прикажува во полето за нови објави.*

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Фејсбук** е вебсајт за социјално вмрежување преку кој корисниците може да објавуваат коментари, да споделуваат фотографии и да поставуваат линкови до вести или други интересни содржини на Интернет, да разговараат во реално време, и да гледаат кратки видеа. Децата најмалку ја користат оваа мрежа. Фејсбук дури овозможува и нарачка на храна ако сакате да го направите тоа. Споделените содржини може да бидат јавно достапни или да се споделуваат само со избрана група на пријатели или роднини.

Фејсбук обезбедува пакет контроли за приватност што може да се нагодат по сопствена желба за корисниците да ги заштитат нивните податоци од напади од трети страни.

СОВЕТ: Треба да се знае дека иницијално Фејсбук овозможува достапност на листата на пријатели на корисникот. За да ја сменат оваа поставка, корисниците треба да одат на поставките „семејство и врски“ каде се излистани пријателите, а потоа да кликнат на иконата со моливче и на полето „измени приватност“, што ги води до местото каде може да дефинираат кој може да ја гледа нивната листа на пријатели. Најдобро е да се одбере опцијата „пријатели“. Исто така, треба да се забележи дека истите поставки може да се користат за контрола при објавување на индивидуални информации.

ЈуТјуб е онлајн сервис за објавување, гледање и оценување видеа, и може да се каже дека оваа мрежа е најдоброто место за учење и стекнување нови вештини. Корисниците треба да се регистрираат за да прикачуваат содржини на нивниот канал, но тоа не е задолжително за гледање видеа, освен доколку содржината не е соодветна за лица на возраст под 18 години. Објавувачите на содржини на ЈуТјуб од младата популација имаат сè поголемо влијание од други познати личности, а дел од публиката повеќе им верува на овие виртуелни лица отколку на сопственото семејство и пријателите. Квалитетот и популарните корисници на ЈуТјуб може да има позитивно влијание врз децата во зависност од содржините што ги создаваат и објавуваат. Посебно внимание треба да се посвети на ЈуТјуб апликацијата за деца каде секој може да креира сопствен канал без дополнителни проверки и каде содржината ја генерира самиот корисник.

СОВЕТ:Поставките на ЈуТјуб дозволуваат вклучување на „рестриктивен режим“, што пак налага регистрација која е бесплатна. На дното од прозорецот се јавува трака со алатки и опција за вклучување „рестриктивен режим“. Сепак, бидејќи ниту еден филтер не е 100% сигурен, родителите треба да го следат детето кога ги пребарува видео содржините, особено ако децата се мали. Пред да им дозволат на децата да бираат видео содржина, родителите треба да се осигурат дека се регистрирани на ЈуТјуб и дека опцијата „рестриктивен режим“ е вклучена.



НЕ ПОСТАВУВАЈТЕ ВИДЕА СО ВАШЕТО ЛИЧНО ИМЕ, СЕКОЈ МОЖЕ ДА СМИСЛИ ПСЕВДОНИМ ЗА СОПСТВЕНИОТ КАНАЛ.

ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА ЈУТЈУБ НЕ ДОЗВОЛУВА КРЕИРАЊЕ КОРИСНИЧКА СМЕТКА ЗА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ПОД 13 ГОДИНИ.

ОПЦИЈАТА „ПРИВАТНО“ ДОЗВОЛУВА ИЗБОР НА ЛУЃЕ КОИ МОЖАТ ДА ГО ГЛЕДААТ ВИДЕОТО, ДОДЕКА ОПЦИЈАТА „НЕСПЕЦИФИРАНО“ ДОЗВОЛУВА ПРЕГЛЕД САМО ОД ЛИЦАТА НА КОИ ИМ Е ИСПРАТЕН ЛИНК ДО ВИДЕОТО.

ВНИМАТЕЛНО РАЗМИСЛЕТЕ ДАЛИ ВИДЕАТА ГИ ОБЈАВУВАТЕ СО ОЗНАКА „ЈАВНО“, СЕКОЈ САМ ОДЛУЧУВА КОЈ МОЖЕ ДА ГИ ГЛЕДА НЕГОВИТЕ ВИДЕА.

ВО ПОСТАВКИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ОГРАНИЧИ СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВИДЕОТО ОД СТРАНА НА ДРУГИ ЛУЃЕ, И МОЖЕ ДА СЕ ИСКЛУЧИ ОПЦИЈАТА ЗА СТАВАЊЕ КОМЕНТАРИ ЗА СЕКОЕ ВИДЕО ПОСЕБНО.

СЕКОГАШ ВОДЕТЕ СМЕТКА ЗА ПРАВАТА НА ДРУГИТЕ. АКО ОБЈАВУВАТЕ ВИДЕО НА КОЕ СЕ ГЛЕДА ДРУГО ЛИЦЕ, МОРА ДА ГО ПРАШАТЕ И ДА ДОБИЕТЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ.

АКО ЗАБЕЛЕЖИТЕ ВИДЕО ЗА КОЕ СМЕТАТЕ ДЕКА СОДРЖИ НЕСООДВЕТНА СОДРЖИНА, ИСТОТО МОЖЕ ДА ГО ОЗНАЧИТЕ (ИКОНА СО ЗНАМЕНЦЕ) И ДА ГО ПРИЈАВИТЕ.

СЕКОГАШ ВОДЕТЕ СМЕТКА ЗА МУЗИКАТА ВО ПОЗАДИНА. МУЗИКАТА ПОДЛЕЖИ НА АВТОРСКИ ПРАВА, ПРИ ШТО ВИДЕО И МУЗИКА ОД ДРУГИ АВТОРИ МОЖЕ ДА СЕ КОРИСТИ САМО ДОКОЛКУ Е ЕКСПЛИЦИТНО НАВЕДЕНО ДЕКА ТИЕ СЕ СЛОБОДНИ ИЛИ ДОКОЛКУ ПРЕТХОДНО Е ПОБАРАНА И ДОБИЕНА ДОЗВОЛА ЗА ИСТОТО.

ЗАПОМНЕТЕ ГО „ПРАВИЛОТО НА БАБА“: ПРВО ЗАПРАШАЈТЕ СЕ ДАЛИ ОНА ШТО ГО СНИМАТЕ ИЛИ ОБЈАВУВАТЕ Е НЕШТО ШТО БИ САКАЛЕ ДА ГО ВИДИ ВАШАТА БАБА, НАСТАВНИЧКА ИЛИ ПАК РОДИТЕЛИТЕ. АКО ОДГОВОРОТ Е НЕ, ТОГАШ ОБЈАВУВАЊЕТО НА ТАКВО ВИДЕО НЕ Е ДОБРА ИДЕА.

Инстаграм е една од најпопуларните социјални платформи за споделување слики. Тинејџерите го обожаваат Инстаграм од неколку причини, но најмногу поради пријателите. Освен тоа, тие може да следат омилени познати личности, други луѓе за кои покажуваат интерес, и може да уредуваат сопствен профил или профили преку кои се претставуваат пред пријателите, а понекогаш и пред светот, со сопствени фотографии.

Во зависност од тоа кого следат или за што се заинтересирани, корисниците може да најдат голем обем на содржини за возрасни. Дури и коментарите на постови може да бидат несоодветни, особено доколку корисничкиот профил е јавен.

Понекогаш, децата сметаат дека треба да уредат перфектен профил и од таа причина постојно ги проверуваат постовите за да го видат бројот на „допаѓања“ и ги бришат оние кои не ги исполнуваат нивните критериуми на допадливост.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Сепак, со помош на упатството за поставки, ограничувања на користењето, и отворен разговор за содржините и коментарите, Инстаграм може да биде корисно место за децата кое им дозволува да се поврзуваат и да бидат креативни.

Видот на содржини што децата може да го гледаат најмногу зависи од тоа кого следат: ако ги следат само своите пријатели и не бараат ништо друго, тогаш тие гледаат слики од нивните пријатели како се забавуваат.

Сепак, децата ретко сами го ограничуваат приливот на содржини само на лица кои ги познаваат, па затоа голема е веројатноста дека ќе следат и содржини за возрасни.

Ако децата следат познати личности, голема е веројатноста дека ќе бидат изложени на маркетиншки содржини. Кога се користи позитивно, Инстаграм е место преку кое децата се поврзуваат со пријатели.

Тинејџерите го користат Инстаграм за креативни цели, т.е. објавување на уметнички дела, поезија и видеа за да го покажат својот талент. Ако се користи балансирано наспроти другите активности и за соодветна цел, децата може да чувствуваат задоволни и прифатени, на пример, добиваат позитивни коментари за нивните уметнички фотографии, слики, песни.


Овој проект е финансиран од Европската Унија

Снапчет е популарна социјална мрежа за праќање пораки која на корисниците им овозможува да споделуваат фотографии и видеа (наречени снап) кои треба да исчезнат откако ќе бидат видени/прегледани. Оваа мрежа се рекламира како „нов вид на камера“ поради основната функција за „фаќање“ слика или видео, додавање филтери, фотографски леќи или други ефекти, и споделување на истите со пријатели. Комуникацијата на Снапчет обично почнува со слика, а не со текст. Откако ќе го уредат сопственото видео, корисниците може да го испратат на кое било лице од списокот на пријатели или да го додадат на нивната приказна, што претставува запис за денот кој нивните пријатели може да го гледаат 24 часа на ден.

Освен испраќање на индивидуални пораки, Снапчет дозволува и праќање пораки во групи, како и групни приказни во кои придонесуваат сите членови на групата. Корисниците може да го избришат текстот што го испраќаат, но во групен разговор другите ќе видат дека текстот е избришан.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Дали пораките на Снапчет навистина исчезнуваат?

Зависи. Ако се постави временско ограничување за некој момент, истиот може да исчезне откако ќе биде прегледан. Сепак, примателите може да направат снимање на екранот (скриншот) со нивните телефони или да користат апликација на трета страна за снимање на екранот. Снимање на екранот на телефонот го известува испраќачот дека тоа што го пратил е снимено. Сепак, користењето апликации од трети страни не испраќа такво известување. Од тие причини, најдобро е тинејџерите да разберат дека ништо што поставуваат онлајн не е времено. Пред да испратат видео од нив или од некој друг кое може да биде засрамувачко, важно е да знаат дека таквото видео може да биде циркулирано низ целото училиште веќе следниот ден.

Поради леснотијата за наоѓање пријатели на Снапчет (во зависност од поставките) или за споделување кодови, тинејџерите може да имаат виртуелни непознати лица на списокот на пријатели. Тоа може да биде ризично од повеќе причини, па затоа најдобро е да се зборува со нив за тоа кога е безбедно да додаваат луѓе на списокот на пријатели.


Овој проект е финансиран од Европската Унија

СОВЕТ:

Како да се заштити сопствениот профил на Инстаграм?

1. За да ја заштитите својата приватност, можете да ги блокирате оние што ве следат, но не ги познавате: во списокот на следбеници, изберете ги оние кои сакате да ги блокирате и потоа кликнете на трите точки во горниот денес агол, и изберете ја опцијата „блокирај“.

2. Исто така, можете да го затворите профилот за непознати лица. Во прозорецот „профил“, кликнете на трите точки во десниот агол и на дното од прозорецот ќе ја најдете опцијата „приватен профил“ што треба да ја вклучите. Откако ќе го направите тоа, само избрани лице ќе имаат пристап до фотографиите и содржините што ги споделувате.

3. Вклучете ја опцијата за одобрување на означувања (тагови) во фотографии поставени од други лица. На тој начин ќе бидете во можност да одобрите која фотографија постирана од други лица, а на која сте означени вие, може да се појави и на вашиот профил.

4. Безбедноста на профилот на Инстаграм може да се зголеми со вклучување на автентикација со два чекори, односно кога некој сака да се вклучи на Инстаграм од некој уред, тогаш тој/таа мора да внесе дополнителен код кој се испраќа на мобилниот број наведен во профилот. По кликање на трите точки во горниот десен агол, изберете ја опцијата „автентикација со два чекори“.



СОВЕТ:
Како да се заштити профил на Снапчет?

1. Во опциите за поставки најдете ја „види моја локација“ и изберете режим „моите пријатели“ или уште подобро „режим на дух“ (опција со која не се прикажува локацијата).
2. Внимавајте на нотификациите кога комуницирате преку Снапчет. Оваа апликација ве известува ако некој направи скриншот од вашата порака.
3. Осигурете се дека вашето корисничко име на Снапчет не е јавно достапно, дури и кога сте направиле ограничување кој може да ве контактира.
4. Зачуваните пораки во папката „спомени“ може да бидат позаштитени ако ги означите „само за мене“, што резултира во креирање посебна галерија заштитена со ПИН, па кога некому ќе покажувате претходни пораки, оние обележани „само за мене“ нема да се прикажат на екранот.

## КАДЕ ТРЕБА ДА СЕ ОБРАТИТЕ АКО ВЕЌЕ Е НАПРАВЕНА ШТЕТА?

**Доколку некој веќе ги злоупотребил вашите лични податоци, вашите родители може да ја контактираат АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ.**

## ВАЖНО

- ИЗБЕРЕТЕ РЕАЛЕН, А НЕ ВИРТУЕЛЕН ЖИВОТ ДО СТЕПЕН ДО КОЈ ТОА Е МОЖНО (НЕ ГИ ИГНОРИРАЈТЕ РЕАЛНИТЕ ПРИЈАТЕЛИ И ИГРИТЕ ЛИЦЕ-В-ЛИЦЕ)
- ИЗБЕРЕТЕ ОДГОВОРНОСТ, А НЕ РИЗИК
- СЕКОГАШ ВНИМАВАЈТЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ БИДЕЈЌИ ОТКАКО ЌЕ ОБЈАВИТЕ ИНФОРМАЦИЈА ОД ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ НА ИНТЕРНЕТ ТАА ЗАСЕКОГАШ ОСТАНУВА ДОСТАПНА И СЕ КОРИСТИ ОД ГЛОБАЛНАТА ЈАВНОСТА
- ИЗБЕРЕТЕ ВИСТИНСКИ ПРИЈАТЕЛИ, А НЕ ВИРТУЕЛНИ НЕПРИЈАТЕЛИ
- ИЗБЕРЕТЕ ГИ ВИСТИНСКИТЕ ИНФОРМАЦИИ, А НЕ ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ (НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ ДА БИДЕТЕ ИЗМАМЕНИ, ТУКУ САМО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ)
- НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШИОТ ДОМ ОД КАДЕ ПРИСТАПУВАТЕ НА ИНТЕРНЕТ И НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ ДА ВЕ ОДВЕДЕ ДО НЕСИГУРНИ ИНФОРМАЦИИ
- ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СЕ ЕДНАКВО ВРЕДНИ, БЕЗ ОГЛЕД ДАЛИ ТОА Е БРОЈОТ НА МОБИЛЕН

ТЕЛЕФОН, ЛИЧНАТА АДРЕСА, ОДДЕЛЕНИЕТО НА УЧИЛИШТЕ, ФОТОГРАФИЈА. ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СЕ СЕНЗИТИВНИ ИНФОРМАЦИИ КОИ ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА МОРА ДА ГИ ЧУВААТ И ЗАШТИТАТ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ

- ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА ВАШАТА ПРИВАТНОСТ Е ЕДНАКВО ВРЕДНА КАКО И ПРИВАТНОСТА НА ВАШИТЕ РОДИТЕЛИ И ПРИЈАТЕЛИ И ЗАТОА ЧУВАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА НА ВАШИТЕ БЛИСКИ
- КОГА СКЛОПУВАТЕ „ВИРТУЕЛНИ ПРИЈАТЕЛСТВА“, БИДЕТЕ ПАМЕТНИ, СОМНИТЕЛНИ И ПОВНИМАТЕЛНИ ОД ВАШИТЕ „ВИРТУЕЛНИ ПРИЈАТЕЛИ“
- ЗАПОМНЕТЕ ДЕКА НЕМА ВРАЌАЊЕ НАЗАД ОТКАКО ПРИВАТНОСТА Е ПОВРЕДЕНА ИЛИ ОДЗЕМЕНА! НЕ ОБЈАВУВАТЕ ОНЛАЈН СОДРЖИНИ КОИ НЕ БИ САКАЛЕ ДА ГИ ВИДИ ВАШАТА МАЈКА! ОТКАКО ЌЕ ГИ ОБЈАВИТЕ ОНЛАЈН, НЕВОЗМОЖНО Е ЦЕЛОСНО ДА ГИ ИЗБРИШЕТЕ ИЛИ ОТСТРАНИТЕ!



Овој проект е финансиран од Европската Унија

КОГА СТЕ ОНЛАЈН, ИСПРАЌАЈТЕ САМО ПОЗИТИВНИ ВИБРАЦИИ! КАЖЕТЕ НЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА!

ВИРТУЕЛНИТЕ УДАРИ МОЖЕ ДА БОЛАТ ПОВЕЌЕ ОД ФИЗИЧКИТЕ! ПРАКТИКУВАЈТЕ НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ВИРТУЕЛНИТЕ НАСИЛНИЦИ!



## 10 ЧЕКОРИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НА ИНТЕРНЕТ

1. ПОВРЕДА НА ПРИВАТНОСТА Е ПОВРЕДА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА! Законот гарантира дека сите физички лица во Република Северна Македонија, без оглед на нивното државјанство или престој, расно или етничко потекло, верски обележја, политички или други убедувања, или кои било други особини, имаат право на заштита на ПРИВАТНОСТА.

2. ДОБРО РАЗМИСЛЕТЕ ШТО ОБЈАВУВАТЕ ЗА ДРУГИТЕ НА ИНТЕРНЕТ! Споделувањето информации на Интернет може да излезе од контрола, па затоа треба да внимавате што објавувате за другите.

3. ПРОВЕРЕТЕ ГИ СОПСТВЕНИТЕ ВИРТУЕЛНИ ТРАГИ! Редовно внесувајте го вашето име во пребарувачот и проверете какви информации постојат за вас на Интернет.

4. ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ ДРУГИТЕ! Не објавувајте лични информации за други луѓе без нивна согласност и не објавувајте нешто што не би сакале да биде објавено за вас лично.

5. ВИРТУЕЛНИТЕ УДАРИ ТРААТ ПОДОЛГИ И БОЛАТ ПОВЕЌЕ! Ако поставувате несоодветни коментари за други лице и/или одобрувате навредливи содржини со кликање/коментирање, тогаш вие свесно ги повредувате другите.

6. ВО ОПШТЕСТВОТО И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ НЕМА МЕСТО ЗА ГРУПИ НА ОМРАЗА! Креирајте групи кои ги промовираат човековите права, а такви кои ги повредуваат.

7. НЕ ГИ ЗЛОУПОТРЕБУВАЈТЕ ФОТОГРАФИИТЕ НА ДРУГИ ЛИЦА! Не поставувајте фотографии или содржини кои може да ги навредат/повредат другите. Таквата злоупотреба се смета за кривично дело.

8. СЛОБОДАТА НА ГОВОР НЕ ДОЗВОЛУВА ГОВОР НА ОМРАЗА! Слободата на говор не претставува и слобода за повреда на човековите права. Културниот дијалог ги почитува приватноста, достоинството и угледот на другите.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

9. МОЛЧЕЊЕТО ЗНАЧИ ОДОБРУВАЊЕ! Осудете ги или пријавете ги сторителите на говор на омраза бидејќи вашиот молк помага во повторување на кривичното дело.

10. ИНТЕРНЕТОТ НУДИ ОГРОМНИ МОЖНОСТИ, НО БАРА ГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ. Следете ги овие инструкции и охрабрете ги другите да го сторат истото.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

# ПРИЛОГ 1
# КУС ПОИМНИК ЗА ИНТЕРНЕТ

ОНЛАЈН НАСИЛСТВО – насилство што се случува преку Интернет, е општ термин за каква било комуникациска активност со користење на електронска технологија која може да се смета за штетна и за поединецот и за јавното добро. Оваа форма на насилство од врсници вклучува ситуации каде дете или тинејџер е нападнато од друго дете, тинејџер или група деца, преку Интернет или преку мобилен телефон.

ФИШИНГ – измама преку електронска пошта или електронска порака. Испраќачот бара од жртвата да даде лични информации преку влегување на лажна веб-страница на линк наведен во пораката, при што адресата и содржината на лажната страница се многу слични со адресата и содржината на некоја автентична веб-страница.

МАЛВЕР – општ назив за сите малициозни/штетни софтверски програми.

ПУФИНГ – создавање на лажна или фалсификувана верзија на нешто, на пример, на веб-страница или е-мејл адреса. Корисникот пристапува со сопствено корисничко име и лозинка, коишто потоа одат во посед на криминалци кои ги злоупотребуваат овие информации за да пристапат на вистинската веб-страница.

ТРОЛАЊЕ – продукција на провокативни постови со цел да се создаде конфликт и да се попречи конструктивна дебата.





Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

## ПРИЛОГ 2
## СОВЕТИ ЗА РОДИТЕЛИ



Воспитувањето на одговорно и свесно дете е голем предизвик за родителите во современото општество со оглед на фактот дека децата уште од рана возраст имаат пристап до модерни средства за комуникација, вклучително и до Интернет.
Како што ги воспитувате и подготвувате децата за „реалниот“ живот, еднакво важно е да ги воспитате и подготвите за „виртуелниот“ живот.
Законот за семејство пропишува право, но и должност и одговорност на родителите да ги следат сопствените деца во нивните односи со други лица, како и нивната комуникација на социјалните мрежи или преку други форми на електронска комуникација, и забранува поврзаност и комуникација кои не се во согласност со добросостојбата на детето.

**Корисни совети за родителите:**

1. Едуцирајте ги децата за сите придобивки, но особено за ризиците од користење на Интернет и социјалните мрежи
.
2. Донесете сопствени куќни правила за користење на Интернет и социјалните мрежи кои и вие ќе ги следите заедно со децата.

3. Учете ги децата како да се однесуваат на Интернет и социјалните мрежи.

4. Учете ги децата на толеранција и предупредете ги дека Интернетот и социјалните мрежи треба да се користат одговорно, безбедно и паметно.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

5. Ако децата често пристапуваат на Интернет и социјалните мрежи преку мобилни телефони, обидете се соодветно да го контролирате таквиот пристап.

6. Обидете се да бидете образувани за работа на компјутери на исто ниво како и вашите деца за да може да ги следите нивните активности на Интернет и социјалните мрежи. Запомнете дека вашите деца може да ја искористат индиферентноста за да избегнат контрола (на пример, контрола врз веб-страниците што ги посетуваат).

7. Навреме реагирајте на сите штетни појави на Интернет и социјалните мрежи што ги користат вашите деца и пријавете ги таквите појави до надлежните институции за да ги заштитите личните податоци и приватноста на децата.

8. Советувајте ги децата да ги прочитаат политиките за приватност на Интернет и социјалните мрежи што ги користат.

9. Не ги објавувајте личните податоци на вашите деца на Интернет и социјалните мрежи, како што се фотографии, име на децата, име на училиштето што го посетуваат, хобито на децата, нивните преференции, и слично.

10. Со посебно внимание едуцирајте ги децата на возраст под 13 години дека не треба да имаат отворени профили на социјалните мрежи.


Овој проект е финансиран од Европската Унија

## Прилог 3
## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧЕН ПЕРСОНАЛ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА



Според законите за основно и средно образование, целта на образованието во училиштата, меѓу другото, е да ги подготви учениците за живот и работа во согласност со барањата на модерните информатички и комуникациски технологии.

Со оглед на фактот дека децата и младите поминуваат голем дел од денот на училиште, наставниците, училишните педагози и психолози имаат огромна одговорност да ги насочат на вистинскиот пат во врска со користење на модерните средства за комуникација, т.е. Интернет и социјалните мрежи.

**Совети за наставниците, училишните педагози и психолози:**

1. Обезбедете континуирана, систематска и темелна едукација за придобивките и ризиците од користењето на интернет и социјалните мрежи што е соодветна на возраста на учениците.

2. Соработувајте со родителите и надлежните институции, особено во однос на спречување несоодветно и штетно однесување на учениците на интернет и социјалните мрежи.

3. Информирајте ги учениците за сите лични податоци што училиштето ги собира за нив со цел тие да ги остваруваат нивните права и за водење службена евиденција во училиштето.

4. Во случај кога училиштето собира лични податоци преку камери за видео надзор, информирајте ги учениците за сите околности на таквото собирање лични податоци (каде се поставени камерите, за која цел, кој има право на пристап до видеата, итн.)

5. Навремено реагирајте на случите на насилство од врсници и на други несакани однесувања на Интернет, или информирајте ги надлежните институции за истото.

6. Запомнете дека вие не сте на спротивната страна од учениците во однос на користење на Интернет и социјалните мрежи.

7. Не го заборавајте фактот дека улогата на училиштата и наставниците не вклучува само едукација, туку и воспитување на учениците, и дека родителите не се единствено одговорни за несоодветното однесување на учениците, и во секојдневниот живот и кога користат Интернет и социјални мрежи.



Оваа публикација е изработена како дел од твининг-проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“, финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на проектните партнери, и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Побарајте повеќе информации на
www.azlp.mk

SCAN ME

Овој проект е финансиран од Европската Унија